**Република Северна Македонија**
**ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО**
**А. бр.04-40/1 07.02.2024 година**
**С Т Р У М И Ц А**

Врз основа на чл.37 ст.1 од Законот за јавнообвинителски службеници (Службен весник на Република Македонија" бр.62/15, бр.231/15 и бр.11/16) Основниот јавен обвинител во Струмица донесе:

# О Д Л У К А
## за избор на кандидат по пат на јавен оглас

1. По јавниот оглас за вработување на јавнообвинителски службеник во Основното јавно обвинителство Струмица и тоа за работно место **Самостоен референт-сметководител** врз основа на Предлог на кандидати од комисијата за селекција за вработување се избира

**Мери Орцева**

2. Вработувањето на избраниот кандидат од точката 1 на оваа Одлука ќе се изврши по завршувањето на постапката и конечноста на Одлуката.

## О б р а з л о ж е н и е

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија на 05.12.2023 година во дневните весници „Вечер", „Нова Македонија" и „Коха" објави јавен оглас бр.1/23 за пополнување на работно место Самостоен референт-Сметководител -1 извршител во Основното јавно обвинителство Струмица.

По спроведената постапка за селекција за вработување од страна на Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас , врз основа на предлог на кандидати за вработување, Основниот јавен обвинител изврши избор на кандидат како во диспозитивот на оваа одлука.

Во рок од 5 ( пет) дена од конечноста на Одлуката за избор Јавниот обвинител на Република Северна Македонија ќе донесе решение за вработување на јавнообвинителски службеник на неопределено време.

Оваа одлука за избор се објавува на веб- страницата и на огласната табла на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

Основен јавен обвинител
Миле Петков